ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 25.10.2011 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска,** Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот **Татјана Ѓоргиевска** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Александар Ангелов** Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски** Директор на ЈП КОМУНАЛЕЦ **Цане Николовски,** Советник **Никола Граматиков** Советник **Игор Додевски**.

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:

Да се изготви овластување за интерен надзор на Александар Ангелов за спортскиот комплекс и др. градежни активности преземени од Општината *Јаготка Николовска 25.10.2011 година*

Од одделенијата да се достават материјали за седницата на Советот на Општина Крива Паланка *Јаготка Николовска 25.10.2011 година*

Да се подготви точка за седница на Советот на Општина Крива Паланка за донесување на Одлука за започнување на јавно приватно партнерство за минихидроцентрали. *Јаготка Николовска 25.10.2011 година*

Поради дотраеност на прозорите и слаба изолација во одредени канцеларии да се спроведе постапка за замена на прозорци во општината Крива Паланка *Јаготка Николовска 25.10.2011 година*

Одделение за инспекциски надзор

Во доставата на Решенијата за фирмарина и данок на имот да се вклучат Комуналните редари, доставувачите, Антонио Јакимовски и истата да се забрза. *Бранко Велиновски и Јаготка Николовска 25.10.2011 година*

Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот

Средствата доделени за изградба на водоводи и канализациони системи во општина Крива Паланка да се вметнат во Буџетот на општината за 2012година *Татјана Георгиевска 25.10.2011*

Да се разгледа можноста и да се подготват документи и спроведе постапка за набавка на скип на лизинг *Татјана Георгиевска 25.10.2011*

Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

Јасминка Ангеловска да изготви допис до Министерство за образование за проблем со стари клупи во училиштата и да се бараат нови клупи и столови. *Јасминка Ангеловска 25.10.2011 г.*

Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

Да се закаже состанок со Комисијата за изработка на програмата за управување со градежно земјиште, да се заврши програмата, да се достави на согласност и да се усвои од страна на советот на општината. *Никола Граматиков и Комисија*

Да се стапи во контакт за комапаративна пракса во други општини во врска со наплата на административни такси *Никола Граматиков 25.10.2011 година*

Александар Петровски , Блаже Илиевски и Стевче Христовски да извршат увид и да дадат предлог решение за броилото за електрична енергија на тениското игралиште25.10.2011

Да се контактира за повеќенаменското игралиште дали постојат промени во изработката и во што се состојат *Александар Ангелов 25.10.2011*

Да се задолжи Александар Петровски за поставување на улична електрична светилка на мостот кај стара автобуска станица *25.10.2011 година*

Да се преземат активности за средување на бараката во Калин Камен *Александар Ангелов во координација со ЈП Комуналец 25.10.2011*

Да се преземат активности за поставување на решетки на ул Херој Карпош *Александар Ангелов во координација со ЈП Комуналец 25.10.2011*

Кај тениското игралиште да се види за поставување на корито за површински одвод на водата *Александар Ангелов 25.10.2011*

Да се обезбеди проектот за Куков Дол *Александар Ангелов во 25.10.2011*

Во Дреначка маала да се изнајде решение за канализирање на атмосферската вода *Александар Ангелов 25.10.2011*

Да се спроведат активностите потребни за испитување на водоводот Станци. *Александар Ангелов 25.10.2011*

ЈП КОМУНАЛЕЦ

Да се заменат азбестните табли на бунарите кај тениското игралиште.Цане Николовски

За тениското игралиште да се направат клупи за трбините Цане Николовски 25.10.2011

Во координација со одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура и по потреба со ТППЕ Крива Паланка да се преземат активности за чистење на канализационата мрежа во ул. Ратко Минев Цане Николовски 25.10.2011 г.

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 25.10.2011 година

Душко Арсовски	_____	Јаготка Николовска	_____
Александар Ангелов	_____	Татјана Ѓоргиевска	_____
Добривој Николовски	_____	Цане Николовски	_____
Бранко Велиновски	_____		